Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 03-107/11
04.06 202 1 год.
СКОПЈЕ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0302-1412/1
04.06 2021 год.

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен помеѓу

**Фудбалска Федерација на Македонија**, (ФФМ)
претставувана од Претседателот
Г-дин Муамед Сејдини;
и
**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**, (КСЗД)
Претставувана од Претседателот,
Г-ѓа Весна Бендевска

## Член 1

Предмет на овој меморандум е заедничката соработка помеѓу двете организации во полето на промоцијата на еднаквоста, превенцијата и заштитата од дискриминација во Република Северна Македонија преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација.

## Член 2

ФФМ е членка на ФИФА и УЕФА, а КСЗД е тело за еднаквост формирано од Собранието на РСМ. Двете страни се согласни заеднички да настапуваат во проектот **Промоција на еднаквоста во Македонија**.

ФФМ и КСЗД се согласни во иднина да соработуваат на проекти во областа на еднаквоста како и спречување и заштита од дискриминација во Република Северна Македонија кога за таква соработка ќе се создадат услови.

## Член 3

ФФМ и КСЗД се согласни да реализираат заедничка кампања „**Фудбалот против дискриминацијата** " со репрезентативците од македонската А репрезентација.

ФФМ и КСЗД ќе вршат координација, планирање и реализирање на активности за промоција на заштита и превенција за еднаквоста, човековите права и спречување и заштита од дискриминација преку кампањата „Фудбалот против дискриминацијата" за зголемување на јавната свест, информирање и едукација.

## Член 4

ФФМ во насока на реализација на заедничката кампања „Фудбалот против дискриминацијата":

- Ќе одобри да се снимање видео материјал со репрезентативците што КСЗД побара да учествуваат во промотивното видео, во време и место што ќе бидат договорени помеѓу двете страни-потписнички на Меморандумот и маркетинг агенцијата што ќе го снима материјалот, а по консултација со Селекторот на националниот тим;
- Ќе одобри користење на групна фотографија од репрезентацијата за изработка на промотивен материјал за кампањата **Фудбалот против дискриминацијата**;
- Ќе одобри право на користење на дел од видео-материјалот од натпреварот Македонија-Грузија од 12.11.2020 година, кога нашата репрезентација обезбеди учество на ЕУРО 2020, поточно секвенца од 5-10 секунди непосредно пред шутот за гол на Пандев во 56 минута од натпреварот;

- Ќе дозволи користење на видео материјалот од страна на КСЗД во функција на промоција и информирање на јавноста за превенција и заштита од дискриминација.
- Ќе ја објави кампањата на својата веб-страница www.ffm.mk .

Член 5

КСЗД во насока на реализација на заедничката кампања „**Фудбалот против дискриминацијата**“:

- Во соработка со професионална маркетинг-агенција, а со поддршка на својот соработник – Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) ќе го изготви вкупниот материјал за кампањата, на трошок на МЦМС;
- Во целост ќе ги почитува стандардите и ограничувањата пропишани според националната и меѓународната легислатива во насока на заштита на фудбалерите од КОВИД што ќе настапуваат на ЕУРО 2020;
- Целокупниот материјал ќе го достави на одобрување од страна на ФФМ;
- Ќе обезбеди бесплатно емитување на кампањата како кампања од јавен интерес.
- Ќе обезбеди поддршка од сите свои партнери (органи на јавна управа, невладини организации, меѓународни партнери) за масовно споделување на кампањата.
- Ќе ја објави кампањата на својата веб-страница, што е во фаза на изработка. Доколку страницата не биде во функција до тој период, кампањата ќе ја објави на својата нова ФБ-страна.

Член 6

Двете страни се согласни дека оваа соработка е за кампањата – **Фудбалот против дискриминацијата** која се однесува на фудбалската репрезентација на Македонија.

Член 7

Кампањата „Фудбалот против дискриминацијата“ ќе се реализира во периодот од 01.06.2021 година до 11.07.2021 година.

Член 8

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни дека во процесот на реализација на одредбите утврдени со истиот, доколку е потребно можат да вршат дополнувања или измени на истиот во насока на поголема ефикасност во реализација на взаемно утврдените цели и преземени обврски, со взаемна согласност на двете страни.

Член 9

Овој меморандум е изработен во 4 примероци, по 2 за секоја страна и стапува на сила на денот на потпишување.

| | |
|---|---|
| Фудбалска Федерација на Македонија | Комисија за спречување и заштита од дискриминација - Скопје |
| Муамед Сејдини | Весна Бендевска |